Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

## Извадок на дел од дневните настани 26.06.2023

На 25.06.2023 во 20.40 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.К.(21) од Скопје бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.06.2023 во 18.00 часот било пријавено дека на регионален пат во близина на Виничка крстосница патничко моторно возило "голф" со винички регистарски ознаки, управувано од Ј.Е.(67) од Виница, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Ј.Е., констатирани во Медицинскиот центар Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Виница.

На 25.06.2023 во 10.00 часот во Радовиш полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш го лишиле од слобода Е.Б. (21) од Радовиш. Лицето се сомничи дека на 25.06.2023 на подрачје на Радовиш извршило две кривични дела „одземање на моторно возило" и по едно кривично дело „тешка кражба", „насилство" и „мачење на животни". Е.Б. бил задржан во полициската станица Радовиш, кај него бил пронајден предмет со кој извршил кривично дело и во разговорот со службените лица ги признал делата, а одземените моторни возила биле пронајдени од страна на полициски службеници и вратени на сопствениците.По целосно документирање на случаите против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (26.06.2023) од страна полициски службеници од полициската станица од општа надлежност при СВР Битола лишен од слобода бил Н.М.(36) од Р. Србија. Тој бил фатен на дело додека извршувал тешка кражба во црквата „Св. Недела" во Битола, од каде одзел пари. Лицето е лишено од слобода и по документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

На 26.06.2023 во 00.20 часот во Струмица полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода А.К. (38) од село Секирник, струмичко. За лицето имало распишана потерница од Затвор Куманово за издржување затворска казна во траење од 3 години, за сторено кривично дело „разбојништво".

Полициски службеници од СВР Тетово вчера (25 јуни) од 18 до 24 часот спровеле акциска контрола на мотоциклисти, во која вкупно биле откриени и санкционирани 14 прекршоци (ТЕ-7 и ГВ-7).Најголемиот број од прекршоците (ТЕ-2 и ГВ-5) се однесувала на некористење на заштитен шлем, 4 мотоциклисти (ТЕ-3 и ГВ-1) управувале без возачки дозволи, 1 (ГВ) со истечена полиса... На сите прекршители изготвени им се поднесоци и ќе се соочат со парични глоби кои, зависно од видот и карактерот на прекршокот се движат од 50 до 250 евра во денарска противвредност. Санкционирани, исто така, биле и 9 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-6 и ГВ-3).

На 25.06.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 24 прекршоци, од кои 10 надвор од населено место и 14 во населено место. Истиот ден во времето од 18.00 до 24.00 часот била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат мотоцикли. Притоа санкционирани биле 13 прекршоци, од кои 10 за неносење заштитна кацига, 2 за управување без возачка потврда и 1 за измината важност на осигурителна полиса.

На 25.06.2023 во 03.10 часот било пријавено дека на регионалниот пат Струмица–с.Баница–с.Вељуса, патничко моторно возило "опел корса" со струмички регистарски ознаки, управувано од А.С.(20) од Струмица, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот С.И.(20) од Струмица, констатирани во Медицинскиот центар Струмица. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Струмица.

На 25.06.2023 во 13.05 часот во Полициската станица Гази Баба Е.И.(40) од Скопје пријавила дека на ул."Маџари" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 25.06.2023 во 19.48 часот било пријавено дека во Битола на крстосницата од ул."Васко Карангелевски", ул."Игњат Атанасовски" и влез кон паркинг простор од новиот пазар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило "шевролет калос" со битолски регистарски ознаки, управувано од Д.Ј.(18) од Битола и автобус "исузу" со битолски регистарски ознаки, управуван од Т.Т.(55) од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Д.Ј., а со телесни повреди се здобиле Т.Т. и сопатникот од патничкото возило Б.А.(18) од Битола, констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 25.06.2023 во 00.30 часот било пријавено дека во населбата Гоце Делчев-скопско Н.И.(37) физички го нападнал неговиот 67 годишен татко. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 26.06.2023 во 03.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во населба Илинден биле опожарени гаража и патничко моторно возило „рено клио" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Г.Б.(50) од Скопје. Повредени лица нема. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.06.2023 во 15.50 часот било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба Љ.Б.(57) физички го нападнал Е.Х.(61), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.06.2023 во 23.10 часот во Куманово од полициски службеници од СВР Куманово е лишен од слобода М.А(22) од кумановско, затоа што според пријавеното околу 21.00 часот во с. Љубодраг, кумановско заедно со уште три лица (Д.А., Д.А. и А.А.) физички го нападнале А.Н.(21) од село Љубодраг, при што еден од пријавените со тврд предмет му го оштетил и неговото патничко моторно возило марка „голф" со кумановски регистарски таблици. По целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (25.06.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 445 возачи. Од нив, 18 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 309 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 136 надвор од населено место.

На 24.06.2023 во 23,50 часот во Полициско одделение Арачиново, 19 годишна жителка од скопско село, пријавила дека на 16.06.2023 околу 08,50 часот на пракинг во близина на трговски центар на подрачје на Бит Пазар била физички нападната од Ш.К.(20) од с.Арачиново, со кого се познавала од претходно, а потоа на 22.06.2023 околу 22.02 часот пријавениот фрлил пиротехнички материјал во дворот од нејзината куќа, а на 23.06.2023 околу 20.10 часот пријавениот пред нејзината куќа испукал два пати од пиштол и го напуштил местото на настанот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.06.2023 во 11,31 часот во СВР Скопје, Р.В. пријавила дека во с.Р'жаничино, скопско настанал пожар во кој биле опожарени околу 20 хектари жито во сопственост на правно лице од Скопје Пожарот е изгаснат од противпожарна единица Скопје.

На 25.06.2023 во 10,30 часот во СВР Скопје е пријавено дека на ул.„50-та дивизија" во близина на угостителски објект на подрачје на Центар пронајдено е едно лице во безсознание, кое е пренесено во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде подоцна починало, а смртта е констатирана од лекар, без видливи траги на насилство. По наредба на јавен обвинител телото е предадено на судска медицина за обдукција.

На 25.06.2023 во 23.25 часот во Полициска станица Бит Пазар било пријавено дека на подрачје на Бит Пазар настанал пожар во патничко моторно возило „фолксваген поло" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Н.О.(44) од Скопје. Повредени лица нема. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 26.06.2023 околу 02.00 часот, во ОВР Кичево лишени од слобода се К.Х.(33), Н.Х.(29) и Ј.Б.(30), сите од Гостивар. При преглед извршен на „Битолска раскрсница" во Кичево, полициските службеници кај К.Х. пронашле кокаин, додека кај Н.Х. одземена е марихуана. По целосно документирање на настанот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.М.(26) од скопското село Горно Врановци, А.А.(22) од Арачиново и Н.С.(29) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". Тие, на 25.04.2023 во ноќен клуб во Охрид, физички го нападнале Д.Т. од Охрид, по што Б.М. со пиштол го удрил во пределот на главата и му го одзеле неговото моторно возило.

ОВР Кичево, поднесе кривична пријава против Н.И.(24) од кичевското село Србица, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги,психотропни супстанци и прекурсори". При претрес, по судска наредба извршен во неговиот дом, во кој живеел со А.Л.(25) од Албанија, полициските службеници пронашле кокаин и предмети со остатоци од кокаин.

На 25.06.2023 во 01.00 часот во СВР Куманово, Ф.И.(25) од с.Велешта, Струга пријавил дека на 24.06.2023 година во 22.40 часот додека се движел по автопат „Пријателство" со товарно моторно возило марка „МАН" со струшки регистарски таблици, поточно под мост во с. Романовце, неколку лица од мостот фрлале камења и тврди предмети со што го оштетиле неговото возило. Пријавителот се оддалечил од местото и настанот го пријавил во СВР Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регоналниот центар за гарнични работи Север поднесе кривична пријава против Т.Г.(29) од Куманово поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа". На 08.05.2023 на граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", при пасошка контрола, пријавената на увид приложила фалсификувани хрватски исправи (патна исправа, лична карта и возачка дозвола) и фалсификуван швајцарски документ за престој, кои ги набавила од лица во Хрватска.

На 25.06.2023 во 23.30 часот било пријавено дека во с.Волково-скопско по претходна расправија околу случена сообраќајна незгода бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу А.Р.(20) од с.Волково и Д.Ф.(32) од с.Ново Село, а подоцна А.Р. агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.06.2023 во 20.20 часот во с.Крушопек-скопско од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода Б.М.(40) поради тоа што во домот физички ја нападнал неговата 29 годишна сопруга, а исто така употребил и остар предмет. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.06.2023 во 13.10 часот Ф.Ј.(33) од с.Црн Врв пријавил дека во с.Батинци бил физички нападнат од М.Р.(20) од с.Батинци. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет